**ГОДИШНИК**

**на АСОЦИАЦИЯ „ОНГЪЛ“, том 21, год. XV, 2022**

# ФОЛКЛОР И РЕЛИГИЯ: ЕЗИК – ТЕКСТ – КОНТЕКСТ

**София, 2022**

**Годишникът се издава**
**с подкрепата на Община Самоков**

**РЕДАКЦИОННА КОЛЕГИЯ**

**I ПКС д.ф.н. Росен Росенов Малчев (Главен редактор)**
**доц. д-р Константин Звездомиров Рангочев**
**проф. д-р Николай Иванов Ненов**
**проф. д.ф.н. Маргарет Драганова Димитрова**

**Международни членове:**
**Проф. д.ф.н. Владимир Наполских, член-кореспондент на РАН,**
**Удмуртски университет – Ижевск, Руска федерация**
**Проф. д-р Трайче Нацев, Университет „Гоце Делчев“ – Щип,**
**Република Северна Македония**

**ФОЛКЛОР И РЕЛИГИЯ: ЕЗИК – ТЕКСТ – КОНТЕКСТ**

Първо издание

© Асоциация за антропология, етнология
и фолклористика „Онгъл“, 2022
ел. поща: ongal1991@abv.bg
www.ongal.net

© Импресарско-издателска къща „Род“, 2022
ел. поща: rod_sofia@yahoo.com

Формат 16/60/84
Тираж 200
Печатница *Тип-топ прес*

**ISSN 1311-493X**

**ANNUAL**

**of 'ONGAL' ASSOCIATION, Vol. 21, Year XV, 2022**

# FOLKLORE AND RELIGION:
# LANGUAGE – TEXT – CONTEXT

ROD

**Sofia, 2022**

**The Annual is published**
**with the support of Samokov municipality**


**EDITORIAL BOARD**

**1st class teacher Rossen Rossenov Malchev, Dr. Habil.**
**(Editor-in-shief)**
**Assoc. prof. Konstantin Zvezdomirov Rangochev, Ph.D.**
**Prof. Nikolay Ivanov Nenov, Ph.D.**
**Prof. Margaret Draganova Dimitrova, Dr. Habil.**

**International members:**
**Prof. Vladimir Napolskih, Dr. Habil., Corresponding Member of the Russian Academy of Sciences, Udmurt University, Izhevsk, Russian Federation**
**Prof. Trayche Natsev, Ph.D., Gotse Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia**


**FOLKLORE AND RELIGION: LANGUAGE – TEXT – CONTEXT**


First edition



© 'Ongal' Association of Anthropology, Ethnology, and Folklore Studies, 2022
e-mail: ongal1991@abv.bg
www.ongal.net

© 'Rod' Impressario & Publishing House, 2022
e-mail: rod_sofia@yahoo.com



**ISSN 1311-493X**

## СЪДЪРЖАНИЕ

**Уводни думи** ............................................................................ 11

### В ПАМЕТ НА БРАТЯ МИЛАДИНОВИ

**Пламен Бочков** – Братя Миладинови и звездата на епископ Щросмайер ........................................................................... 17

**Веселка Тончева** – Сборникът „Български народни песни“ на братя Миладинови след 160 години (Опит за реконструкция на музикалното съдържание на една песен върху примери от Вардарска и Егейска Македония) .................................................................. 23

**Иванка И. Иванова** – За една македонска шуробаджанащина ..... 48

### ПРАВОСЛАВНО КУЛТУРНО ПРОСТРАНСТВО

**Константин Рангочев** – Българската фолклорна религиозност: локални модели и/или универсално знание (Един фразеологизъм от град Самоков и Самоковската котловина) ................................................................. 59

**Свещ. Михаил Колев, Данаила Колева** – История на храм „Въведение Богородично“ – град Самоков (XVI–XIX в.) ............. 70

**Георги Захов** – Приписките в богослужебните книги на църквата „Успение Богородично“ в с. Шипочане – гласове от миналото ........................................................................ 79

**Свещ. Михаил Колев, Данаила Колева** – Историческата и духовна традиция, отразена в саморъчните надписи от камбанарията на митрополитския храм „Успение на Пресвета Богородица“ в гр. Самоков ........................................ 86

**Даниела Беличовска** – Образът на църквата в българската проза от Освобождението до края на Първата световна война. Религиозност и патриархалност – автентичната духовност на българина, вярност към традицията и обичая ........................... 92

**Свещ. Делян Цветков** – Социалната дейност в храм „Свети пророк Илия“ в кв. Княжево през първата трета на XX в. ........... 108

## ОБРАЗ И ИЗОБРАЖЕНИЕ

**Димитър Ив. Добревски, Русана Голева** – Образът на българските светци в православната агиография (иконопис) .... 114
**Владислава Сп. Илиева** – Свети Мина и вълците в една необичайна иконографска композиция от Германския манастир ... 122
**Иво Райков** – Визуализации на фолклорни текстове в творчеството на Никола Кожухаров (1892–1971) в контекста на българското изкуство от 20-те години на XX в. .... 136
**Силвио Томов** – Да правиш фотография като през XIX век – цианотипия ........ 148

## ФОЛКЛОРИСТИКА И ЕТНОЛОГИЯ

**Климент Малчев, Росен Р. Малчев** – Гипотеза о жанровом происхождении одной фольклорной легенды родопской деревни Югово ........ 159
**Тодор Моллов** – Преподновеният брак в юнашката песен „Марко кумува на побратима си Бельо“ ........ 174
**Александар Димитријевски** – Пролетните празнични обичаи од село Истибања, Виничко ........ 192
**Десислава Иванова** – „Живото“ и „Мъртвото“ нематериално наследство на Ботевград ........ 198
**Галина Терзиева, Нелина Деспова, Андрей Бояджиев** – Баяния, врачувания и лѣкувания в електронна форма ........ 204

## ЕЗИКОЗНАНИЕ

**Иво Братанов** – Езикът на един ранен ръкопис на Стоян Робовски от 1852 година ........ 217
**Snezhanka Gencheva** – The personal names of the Bulgarians from the village of Lipnitsa, Kyustendzha County, according to the archival documents, created in connection with the treaty of Craiova (1940) ........ 230
**Красимира Петрова** – Десакрализация на имената в българския и руския език ........ 244

## АРХЕОЛОГИЯ И МУЗЕОЛОГИЯ

**Јулијана Иванова** – Праисторијата во Виничкиот регион .......... 256
**Драган Веселинов, Трајче Нацев** – Начинот на организирање на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од опасности во Штипско и Карбинско низ Праисторијата ......... 270
**Любомир Цонев** – Средновековният замък Средец – стари и нови хипотези ............................................................ 279
**Dushko Cvetanov, Trajche Nacev** – Medieval church at the foot of the ”Carevi kuli“ (Tsar’s towers) site – Strumica ......................... 293
**Денис Исаев** – Един важен документ, касаещ създаването на научната дисциплина „тракология“ и развитието на археологията в България ........................................................... 300
**Sotir Ivanov** – The past as a resource for the future – the establishment of Petrich history museum ..................................... 327
**Благица Стојанова, Магдалена Манаскова** – Музејската поставка во музеј Теракота – Виница ............................................ 350
**Десислава Тихолова** – Вина и наследство. Съвременни мемориални практики в Германия. Част 2 .................................... 359

## КЛИМАТОЛОГИЯ

**Владимир Власков** – Особености в развитието на летния температурен режим по Черноморското крайбрежие за периода 1996–2020 година ........................................................ 391

**Илюстрации** ........................................................................................ 411

## TABLE OF CONTENTS

**Foreword** ........................................................................................ 14

## IN MEMORY OF THE MILADINOVI BROTHERS

**Plamen Bochkov** – Miladinovi brothers and the star of bishop Strossmayer ........................................................................................ 17
**Veselka Toncheva** – The collection “Bulgarian folk songs” by the Miladinovi brothers after 160 years (An attempt for a reconstruction of the musical content of a song on examples from Vardar and Aegean Macedonia) ................................. 23
**Ivanka I. Ivanova** – On one Macedonian cronyism ............................... 48

## ORTHODOX CULTURAL SPACE

**Konstantin Rangochev** – Bulgarian folk religiosity: local models and universal knowledge (An Expression from the town of Samokov and Samokov Valley) ................................. 59
**Priest Michael Kolev, Danaila Koleva** – History of the church ‘Introduction of the Virgin Merry’ – city of Samokov (XVI – XIX centuries) ........................................................................ 70
**Georgi Zahov** – Postscripts in the Divine books in the church “Uspenie Bogorodichno” in the village of Shipochane – voices from the past ................................................... 79
**Priest Michael Kolev, Danaila Koleva** – The historical and spiritual tradition reflected in the handwritten inscriptions from the bell tower of the metropolitan cathedral of the ‘Dormition of the blessed Virgin Mary‘ in the town of Samokov ........................................................................ 86
**Daniela Belichovska** – The image of the church in Bulgarian prose from the Liberation to the end of the First World War. Religiosity and patriarchy – the authentic spirituality of the Bulgarian, loyalty to tradition and custom ................................... 92
**Priest Dilyan Tsvetkov** – The social activity in the church “Sv. Prorok Ilia” in Knyazhevo, Sofia, in the first third of the twentieth century .......... 108

## IMAGE AND DEPICTION

**Dimitar Dobrevski, Rusana Goleva** – The image of the Bulgarian saints in orthodox hagiography (iconography) .................................. 114
**Vladislava Sp. Ilieva** – Saint Mina and the wolves in an unusual iconographic composition from the German monastery .................... 122
**Ivo Raykov** – Visualizations of folklore texts in the works of Nikola Kozhuharov (1892–1971) in the context of Bulgarian art from the 1920's ....................................................... 136
**Silvio Tomov** – To make photography like in the xix century – cyanotype ........................................................................................ 148

## FOLKLORE STUDIES AND ETHNOLOGY

**Kliment Malchev, Rossen R. Malchev** – Hypothesis about the genre and origins of a folklore legend from the Rhodope village of Yugovo ............................................... 159
**Todor Mollov** – The renewed marriage in the heroic song "Marco becomes best groomsman to his brother Bello" .................... 174
**Aleksandar Dimitrijevski** – Spring festive customs from the village of Istibanja, Vinica region ....................................... 192
**Desislava Ivanova** – The "living" and the "dead" intangible heritage of Botevgrad ........................................................................ 198
**Galina Terzieva, Nelina Despova, Andrej Bojadžiev** – Incantations, magic and healing practices in an electronic form ......... 204

## LINGUISTICS

**Ivo Bratanov** – The language of an early manuscript by Stoyan Robovsky, 1852 ............................................................... 217
**Snezhanka Gencheva** – The personal names of the Bulgarians from the village of Lipnitsa, Kyustendzha County, according to the archival documents, created in connection with the treaty of Craiova (1940) ........................................................................... 230
**Krasimira Petrova** – Desacralization of names in Bulgarian and Russian languages ...................................................................... 244

## ARCHAEOLOGY AND MUSEOLOGY

**Julijana Ivanova** – Prehistory in Vinica region ................................. 256
**Dragan Veselinov, Trajche Nacev** – The manner of organizing the protection and rescue of people and material goods from danger in Stip and Karbinci counties throughout the Prehistory ................................................................. 270
**Lyubomir Tsonev** – The middle ages castel in Sredets – old and new hypotheses ................................................................. 279
**Dushko Cvetanov, Trajche Nacev** – Medieval church at the foot of the ”Carevi kuli“ (Tsar’s towers) site – Strumica ............................ 293
**Denis Isaev** – An important document concerning the creation of the scientific discipline “thracology” and the development of the archeology in Bulgaria ............................................................ 300
**Sotir Ivanov** – The past as a resource for the future – the establishment of Petrich history museum ....................................... 327
**Blagica Stojanova, Magdalena Manaskova** – The permanent exhibition in museum Terracotta – Vinica ........................................... 350
**Desislava Tiholova** – Guilt and heritage. Contemporary memorial practices in Germany. Part 2 ............................................... 359

## CLIMATOLOGY

**Vladimir Vlaskov** – Features in the development of the summer temperature regime on the Black Sea coast for the period 1996–2020 ................................................................ 391

**Illustrations** ...................................................................................... 411

# НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО НА ЛУЃЕТО И МАТЕРИЈАЛНИТЕ ДОБРА ОД ОПАСНОСТИ ВО ШТИПСКО И КАРБИНСКО НИЗ ПРАИСТОРИЈАТА

**Драган Веселинов**
***Регионален центар за управување со кризи – Штип***
**Трајче Нацев**
***„Универзитет Гоце Делчев“ – Штип***
***Република Северна Македонија***

Поради големата временска рамка која ја опфаќа праисторијата (палеолит, мезолит, неолит, енеолит, бронзена доба и железна доба) и недостатокот на богат доказен материјал имаме генрализиран опис на организирањето и функционирањето на заштитата и спасувањето за овој временски период. Мошне ретките докази пред се карактеристични за оние први временски потпериоди од праисторијата, но и оние ретки откритија успеваат да дадат една слика за тоа како човекот се заштитувал од разни опасности. Така на почетокот тој наоѓал природни засолништа, најчесто пештери и други слични затворени простори, кои му давале бранетост и заштита од дивите животни, временските неприлики но и од човечки непријатели. Со самото настанување на човековите заедници кога секојдневието на луѓето подразбирало лов и собирање на храна се создавале и материјални добра како што се резерви на храна, опрема, оружје, складови и слично, кои имале своја вредност и значење поради што сите тие биле заштитувани и спасувани во случај на загрозување од некоја опасност.

Начинот на живеење на луѓето во праисторијата се менувал со преминот од еден во друг временски подпериод каде тие имале поинаква локација на живеење, заедница со повеќе членови и повеќе материјални вредности. Создавањето на населби одгледувањето на домашни животни и растенија барал и поинаков пристап за заштита и спасување. За таа цел се бирале места кои во одредена мера имале природна бранетост (карпи, возвишенија, речни текови) а воедно и се вршело нивно оградување со ѕидови (Garašanin 1986). Појавата и развојот на оружјето и миграциите на луѓето несомнено влијаеле на

начинот на заштита и спасување. Како нејзина основа претставувало утврдувањето со ѕидови на населените места, а оние кои немале природна бранетост биле зајакнувани со други елементи.

Кон крајот на неолитот се забележува појава на првите утврдени населби на Балканот чие утврдување настанало како резултат на Големите индоевропски преселби зафаќајќи ја и Европа но и од и разградените економски и социјални структури на населението во овој праисториски подпериод (Garašanin 1986: 14; Ристов 2004: 19). Во понатамошните текови од праисторијата тогашните актулните случувања го диктирале и темпото на утврдување на населените места каде имало и релативно мирни периоди како што било средното бронзено време каде утврдените населби се редуцирани, а повеќето населби се градени во рамнините без некоја нивна посебна заштита (Ристов 2004: 19, 20). Но со Големите егејски преселби кон крајот на бронзеното време повторно ја враќаат потребата од утврдување на населбите чиј тренд продолжува и низ периодот на железното време кога согласно развојот на стопанството имало и појава на утврдувања од различен вид (Ристов 2004, 20). Покрај утврдените населени места, се граделе и сточарски, збегови[1], стражарници. Ова не било карактеристично само за балканските простори туку го имало и пошироко во Европа (Ристов 2004: 20). Ваквата широка распространетост на утврдувањата само ја потврдуваат нивната потреба за заштита и спасување на населението од опасностите кои се појавувале низ временските потпериоди во праисторијата. Карактеристично за некои места е тоа што успеале да опстојат и во наредните временски периоди во кои прераснале како големи и развиени населби додека пак други од разни причини не продолжиле да постојат.

Претежно населените места за да имаат поволна заштита за луѓето и материјалните добра требало да поседуваат одредени карактеристики меѓу кои била и местоположбата која ја споменавме и истата користејќи ја бранетоста на самото место. За таа цел при изградбата

[1] Утврдени места на зафрлени и тешко пристапни терени за заштита на луѓе и домашни животни. Претежно се граделе во ридско-планински предели и на почетокот служеле за привремена заштита во случај на опасност а подоцна и постојано се населувале.

на местото се земало во предвид тоа има зарамнети возвишенија кои околу имале стрмен наклон. Ова можело да се направи само кај ридско-планинските предели додека оние места кои се наоѓале во низините и рамнините вообичаено се граделе на ниски јазичести испусти со природна заштита од суводолици (Ристов 2004: 24–26).[2]

Важно за луѓето кои тогаш ги граделе населбите претставувало и водоснабдувањето и непосредната блискост со патна комуникација, па овие две работи исто така директно или индиректно се наметнувале на потребата од заштита и спасување.[3] Затоа ваквите работи ја условувале неминовната потреба од тоа да населеното место во подоцнежните развојни фази се оформи како утврдување што е карактеристично за бронзеното и железното време кога имало широка распространетост од утврдени населби на Балканот (Čović 1986, 56; Gabrovec 1986: 42, 43; Ристов 2004: 23).

Друга карактеристика која овозможувала ефикасна заштита и спасување на одредено населено место претставувало неговото оградување со одрбанбен ѕид. Оние пак места кои не поседувале некакви одбранбени карактеристики, тоа го компензирале на начин што се наоѓале во близина на поголеми утврдувања (Ристов 2004: 23). При изградбата на одбранбените ѕидови се користела техника во која речниот или кршениот камен не се врзувал со средство. Оваа техника е позната како сувоѕид и истата тогаш овозможувала цврста врска помеѓу камењата посебно кога ѕидот се градел во еден потег како една целина околу самото место (Ристов 2004: 26). Кај некои населени места во рамничарските предели пак се користеле дрвени огради (палисади) наместо одбранбен ѕид од камен (Ристов 2004: 27).[4]

---

[2] Ваквите населби имало населението кое претежно се занимавало со земјоделство и сточарство па немале јако утврдување поради што постоеле и збегови кои служеле за заштита и спасување на населението и стоката при непосредна опасност.

[3] Имало населени места кои ги избегнувале предностите да бидат во близина на патни комуникации и покрај нивната добра утврденост. Тие се наоѓале длабоко во планинските предели користејќи ја природната заштита и на тој начин ја зголемувале ефикасноста на заштитата и спасувањето.

[4] Ваквите констатации се врз основа на тоа што кај нив при истражувањата не се откриени никакви траги на ѕид изграден од камен.

Покрај одбранбените ѕидови, кај некои позначајни места имало и дополнителни елементи со кои се зајакнувала одбраната и заштитата на населбата. Како такви се познати следните елементи: тераси, ровови, гранични одбранбени објекти (тумули, насипи и кули стражарници) и влезови. Терасите се граделе на зарамнето плато и се заштитувале со одбранбен ѕид. Нивното создавања било едновремено со оформувањето на основниот одбранбен ѕид или пак се додавале дополнително за поголема заштита. Ваквиот елемент се покажал како доста атрактивен па затоа може да се сретне и кај некои утврдувања од антиката и средниот век (Čović 1986: 56; Ристов 2004: 29).

Надворешните страни од утврдувањето за кои се сметало дека имаат слаба заштита се зајакнувале со ров. Формата, димензиите и правецот на протегање пред се зависел од неколку фактори како што биле составот на земјиштето, параметрите на одбранбениот ѕид и слично, но воглавно од местоположбата на самата населба. Поставувањето на ровот помагал во случај на напад на самото место да се отежне пристапот до неговите ѕидини.

Покрај ровот, од надворешната страна одбранбениот ѕид на утврдувањето се наоѓале и тумулите но под претпоставки имало и одредени исклучоци кога тие се наоѓале од внатрешната страна (Ристов 2004: 31). Кулите-стражарници можеле да се поставуваат надвор или внатре во однос на одбранбениот ѕид а самите насипи се наоѓале во внатрешниот дел на утврдувањето.

Колку од овие одбранбени елементи имало кај едно утврдување пред се зависело од неговата важност, функција, местоположбата во однос на околината но и нивото на природна бранетост (Ристов 2004: 31–36).[5] И влезовите кои се сметале за ранливи делови кај едно утврдување имале дополнителна заштита која најчесто подразбирала фланкирање помеѓу одбранбените ѕидови т.н. тангенцијална врата (Ристов 2004: 36). Заштитата на влезовите исто така се вршело и со ровови, кули и засилени двојни ѕидови, а сето тоа плански се изготвувало уште при самиот почеток на изградбата на утврдувањето каде тој се бирал на соодветно место за да не претставува проблем при

[5] Кај некои места кулите-стражарници се поставени како истурени објекти вдолж патните правци, но и како претстражи на поголемите населени места.

одбранта на населеното место (Ристов 2004: 36, 37). Самите влезови се затворале со зајакнати и големи дрвени порти.

Навременото известување за некоја опасност исто така имало значајна улога во заштитата и спасувањето на населението и материјалните добра. Во некои потпериоди од праисторијата тоа се изведувало преку комуникација со визуелни врски помеѓу населбите со што се предупредувале луѓето во случај на непосредна опасност. Така населението од едно место навремено се засолнувало и подготвувало за одбрана. За овој начин на навремено предупредување досега е докажано дека се користел во желзното време, додека за негово евентуално постоење пред и по оваа доба сеуште нема докази (Ристов 2004: 38–40). Воглавно визуелните контакти помеѓу населените места во железнодопскиот период се употребувале за известување на населението, но дали тие регионално функционирале како дел од некаков систем на одбрана тешко може да се докаже поради недостаток на доказни материјали (Garašanin 1986: 13; Ристов 2004: 40). Сепак во античкиот период ваквиот начин на известување се применувал и истиот бил развиен и имплементиран во одбранбените системи кои се концепирале на еден регион каде преку одредени правила визуелната комуникација се почитувала од сите утврдени населени места (Benac 1985: 65).

Покрај стандардните утрвдени населби каде живеело населението, имало и утврдувања кои се граделе и користеле за потребите на одредени дејности кои луѓето ги вршеле таму. Па така постоеле руднички утврдувања, сточарски утврдувања, збегови, стражи и претстражи (Ристов 2004: 41–44).

Во близина на оние места каде се вршело ископување на руда се граделе руднички утврдувања. Во нив таа се топела и обработувала, а во случај на опасност овие утврдени места овозможувале заштита на луѓето кои работеле во рудниците и живееле во нив и на ископаната руда и производите кои се добиени од истата.

Сточарите и земјоделците пак кога биле изложени на опасност се заштитувале и спасувале во сточарските утврдувања. Ваквите утврдувања се граделе во рамничарските предели каде и имало услови за сточарство и замејоделство па тие обично можеле да се најдат во

близина на реки, обработливи површини или пасишта. Вообичаено за сточарските утврдувања е тоа што се оградувале со палисади (дрвени огради), а во нив покрај луѓето се засолнувал и добитокот (Ристов 2004: 42).

За разлика од сточарските утврдувања, збеговите се наоѓале во изолирани предели што користат природна бранетост на самата непосредна околина. Тие имале јаки и широки ѕидини, а самото утврдување било сместено на високи и тешко пристапни места во планините далеку од патните комуникации (Ристов 2004: 42). И во збеговите, покрај човекот се засолнувала и стоката за што и обично тие се граделе со поголеми површини.

Утврдените места со некое одредено значење или со поголема површина имале потреба од дополнителна заштита поради што тие се зајакнувале со стражи и претстражи. Овие два вида на утврдувања покрај вакавата улога вршеле и контрола на патиштата и приодите кои воделе до населените места кои ги заштитувале и обезбедувале поради што и претежно се наоѓале во нивна близина (Ристов 2004: 43).

Во штипско и карбинско досега како најстар откриен пример на организирање заштита и спасување на населението и материјалните добра претставува утврдување од времето на енеолитот. Можеби на овие територии егзистирале и други утвдувања од овој потпериод но засега истражувањата го потвдуваат само Градиште (Сл. 1.)[6]. Тоа претставувало стража која се наоѓа на еден километар источно од селото Горни Балван (Нацев 2013: 239). Утврдувањето благодарение на тоа што се наоѓало на платото на ридот Богослов Камен имало доминантна положба во однос на околината и само од западната страна имало лесен пристап, додека останатите страни биле тешко достапни. Градиште спаѓа во оние енеолитски утврдувања кои се наоѓале над реки или потоци на тешко пристапни простори од трите страни додека четвртата се поврзувала со благ превој. Ова ја отсликува искористеноста на околината во неговата бранетост, а карактеристично кај него исто така е и тоа што одбранбениот ѕид бил зацврстен на карпа. Неговата широчина изнесувала 3 метри и од надворешната

---

[6] Илустрациите се објавени на страница 434 од годишникот. Заб. на уредникот.

страна е граден со техника opus incertum со грубо делкан правоаголен камен како и погрубо наредени камења од внатрешната страна, додека јадрото на ѕидот е полнето со ситен кршен камен кој е врзуван со земја (Нацев 2013: 240). Дополнителни елементи за одбрана кај ова место досега не се откриени како што и не е дадено некаква претпоставка за неговата намена, но неговите карактеристики укажуваат дека тоа овозможувало релативно добра заштита на луѓето и материјалните добра во периодот на неговото функционирање.

Како пример за организирање на заштита и спасување од периодот на бронзеното време на териториите на општините Штип и Карбинци е утврдувањето Лозен (Сл. 2.). Тое е лоцирано на 2 км од селото Горни Балван, на левата страна од асфалтниот пат кој води од селото Горни Балван до селото Долни Балван (Нацев 2013: 246). Утврдувањето е изградено на висок рид што доминирал над околината што е карактеристично за доцнобронзените населени места чија изградба била на високи, доминантни и заштитени места зајакнати со одбранбени ѕидини. Ова настанува како резултат на споменатите Големи егејски преселби и тогашниот нестабилен период.[7] Лозен имал прилично стабилни и цврсти одбранбени ѕидови бидејќи се градел со техника opus incertum каде се користел кршен камен меѓусебно врзуван со глина (Нацев 2013: 246).

И во наредниот период т.е. во железното време, продолжува да се спроведува ваквиот начин на заштита и спасување. Но и овде досега на подрачјата на штипско и карбинско тој е потврден само со едно откритие, односно е познато само утврденото место Градиште-Киево (Сл. 3.). Тоа е со местоположба на зарамнета тераса на рид со доминантна положба кој се наоѓа југозападно од селото Горни Балван, на тромеѓето помеѓу селата Горно Трогерци, Горни Балван и Батања (Нацев 2013: 241). Ваквата местоположба заедно со одбранбениот ѕид му давале добри одбранбени и заштитни карактеристики на утврдувањето (Нацев 2009; Нацев 2014). Интересно е тоа што на

[7] За разлика од доцната бронза, во раното и средното бронзено време утврдувањето на населените места било реткост односно населбите претежно се граделе во рамничарски предели без одбранбени ѕидови и елементи или пак се користела природната бранетост на околината.

двете подрачја од железното време се откриени и други населени места со слична местоположба како Градиште-Киево, но поради немањето на докази дека истите имале некакви одбранбени елементи тие не се класифицирани како утврдвуња кои служеле за заштита и спасување (Нацев 2013: 247, 270, 282 и 298).

## ЛИТЕРАТУРА


**Нацев 2009**: Нацев, Тр. Трите керамитки. Резултати од археолошките истражувања – Злетовица 2007–2009 (каталог). Штип.

**Нацев 2013**: Нацев, Тр. Антиката во Брегалничкиот басен. Штип.

**Нацев 2014**: Нацев, Тр. Прилог кон проучувањето на Железното време во Брегалничкиот басен. – Годишник на Асоциация „Онгъл". Т. 13, год. IX, „Име и святост". София: ИИК „Род", 400–407.

**Ристов 2004**: Ристов, К. Утврдени пајонски населби во Долно Повардарје. Скопје.

**Benac 1985**: Benac, A. Delmatske gradine na Duvanjskom polju, Buskom Blatu, Livanjskom i Glamockom polju. Utvrđena ilirska naselja (I). Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine. Centar za Balkanološka Ispitivanja, kn. 4, Sarajevo.

**Čović 1984**: Čović, B. Neki primjeri razvoja fortifikacija na praistoriski gradinama Bosne i Hercegovine. – Odbranbeni sistemi u praistoriji i antici na tlu Jugoslavije. Savez arheoloških društava Jugoslavije. Arheološko društvo Vojvodine. Materijali XXII, Novi Sad.

**Gabrovec 1986**: Gabrovec, St. Odbranbeni sistemi v prazgodovini v severozahodnem delu Jugoslavije. – Odbranbeni sistemi u praistoriji i antici na tlu Jugoslavije. Savez arheoloških društava Jugoslavije. Arheološko društvo Vojvodine. Materijali XXII. Novi Sad.

**Garašanin 1986**: Garašanin, M. O utvrđenjima i odbrambenim sistemima u jugoslovenskom delu centralnobalkanske regije. – Odbranbeni sistemi u praistoriji i antici na tlu Jugoslavije. Savez arheoloških društava Jugoslavije. Arheološko društvo Vojvodine. Materijali XXII, Novi Sad, 12-16.

# THE MANNER OF ORGANIZING THE PROTECTION AND RESCUE OF PEOPLE AND MATERIAL GOODS FROM DANGER IN STIP AND KARBINCI COUNTIES THROUGHOUT THE PREHISTORY

**Dragan Veselinov**
***Regional crises management center – Shtip***
**Trajche Nacev**
***'Gotse Delchev' University – Shtip***
***Republic of North Macedonia***

*Abstract*

Throughout prehistory, the territories of today's counties of Shtip and Karbinci as a result of favorable living conditions were inhabited by humans. Of course, despite the well-being of life in these territories, there were various types of dangers that endangered the lives of people and the material goods they created. Therefore, it was necessary to organize protection and rescue, which was performed through the use of various methods and ways. In this way man and his material goods managed to fully or partially withstand the challenges created by the dangers they faced in this time period.

*Keywords*: Protection and rescue, Shtip county, Karbinci county, Prehistory, organization.

Илюстрации към статията на Драган Веселинов и Трајче Нацев – „Начинот на организирање на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од опасности во Штипско и Карбинско низ Праисторијата“, стр. 270–278.



Сл. 1. Местоположба на утврдувањето Градиште, с. Горни Балван.



Сл. 2. Местоположба на утврдувањето Лозен, с. Горни Балван.



Сл. 3. Местоположба на утврдувањето Градиште – Киево, с. Горни Балван.